11. Во составот на Општинската изборна комисија Делчево, заменик членот КРУМ НИКОЛОВСКИ, вработен во Општина Делчево СЕ РАЗРЕШУВА.

За нов заменик член се избира БОРЧЕ СТОЈМЕНОВСКИ, вработен во Општина Делчево.

12. Во составот на Општинската изборна комисија Старо Нагоричане, заменик претседателот АНТОНИО ДЕНКОСКИ, вработен во АФПЗРР СЕ РАЗРЕШУВА.

За нов заменик претседател се избира ИВАН АНГЕЛОВСКИ, вработен во Општина Куманово.

13. Во составот на Општинската изборна комисија Велес, членот АЛЕКСАНДАР АТАНАСОВ, вработен во Општина Велес СЕ РАЗРЕШУВА.

За нов член се избира АЛЕКСАНДАР ТОШЕВ, вработен во Министерство за финансии.

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“ и на интернет-страницата на Државна изборна комисија.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука, согласно член 18 став 3 од Изборниот законик, лицето избрано за член на Општинска изборна комисија може да поднесе барање за изземање до Државна изборна комисија, во рок од 48 часа од денот на нејзино објавување во „Службен весник на Република Македонија“.

Доставување на барање за изземање по пошта не е дозволено.

Бр. 08-1304/5
10 мај 2016 година
Скопје

Државна изборна комисија
Претседател,
**Александар Чичаковски,** с.р.

## АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**2384.**

Врз основа на член 33 став (1), а во врска со член 3 од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 14/06, 24/07, 103/08, 67/10, 24/12, 80/12, 155/12, 42/14, 97/15, 152/15, 27/16 и 31/16), директорот на Агенцијата за цивилно воздухопловство, донесе

### ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕ НА ЈАВЕН ВОЗДУШЕН ПРЕВОЗ КАКО И ПОСЕБНИТЕ УСЛОВИ ВО ОДНОС НА ПОТРЕБНИОТ ПЕРСОНАЛ, ВОЗДУХОПЛОВИТЕ, ОПРЕМАТА И ДРУГИТЕ ПОСЕБНИ УСЛОВИ НЕОПХОДНИ ЗА БЕЗБЕДНО И УРЕДНО РАБОТЕЊЕ

Член 1

Во Правилникот за начинот на вршење на јавен воздушен превоз како и посебните услови во однос на потребниот персонал, воздухопловите, опремата и другите посебни услови неопходни за безбедно и уредно работење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 134/10 и 113/13) по членот 4-а се додава нов член 4-б кој гласи:

„Член 4-б

Јавниот воздушен превоз со авиони и хелокоптери се врши и согласно Анекс 6, Дел I и III и Анекс 18 на Конвенцијата за меѓународно цивилно воздухопловство (Чикашка конвенција на ICAO), доколку поинаку не е утврдено со меѓународните стандарди и прописи од членовите 3 и 4 на овој правилник.“

Член 2

Во членот 5 ставот (3) се менува и гласи:

„(3) При вршење на јавен воздушен превоз во меѓународниот воздушен сообраќај покрај документите определени со меѓународните стандарди и прописи од членовите 3 и 4 на овој правилник, превозникот треба да носи во воздухопловот и патнички манифест доколку превезува патници и/или карго манифест доколку превезува товар согласно член 29 од Конвенцијата за меѓународно цивилно воздухопловство (Чикашка конвенција на ICAO), како и заверена копија од уверението за исполнување на безбедносните услови (AOC) и соодветните оперативни спецификации (OPSPECS), уверение за бучава (noise certificate) и други документи утврдени во Анекс 6, Дел I и III на Конвенцијата за меѓународно цивилно воздухопловство (Чикашка конвенција на ICAO).“

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 10-482/3
4 мај 2016 година
Скопје

Агенција за цивилно воздухопловство
Директор,
**Горан Јандреоски,** с.р.